Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 235//0306
25.04 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 10.04.2025 година, врз основа на примена жалба од **Деспина Ковачевска,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Миленкова ‘клетва’: ‘Да даде Господ на смртта на најмилите што протестираа, некои други да злоупотребат и да протестираат’“,** објавен од онлајн медиумот Политика.мк (politica.com.mk) на 25.03.2025, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката на 25.03.2025 г. до СЕММ упати жалба за текстот „Миленкова ‘клетва’: ‘Да даде Господ на смртта на најмилите што протестираа, некои други да злоупотребат и да протестираат’“, објавен од онлајн медиумот Политика (politica.com.mk) на 25.03.2025 г., при што таа се жали на говор на омраза.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Овој наслов не само што директно пренесува порака на омраза, туку и без никаква критичка дистанца или осуда го шири говорот на омраза кон граѓаните што мирно протестирале. Ваквото известување ја вознемирува јавноста и може да поттикне дополнителна радикализација и насилство....“

Во жалбата е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Миленкова ‘клетва’: ‘Да даде Господ на смртта на најмилите што протестираа, некои други да злоупотребат и да протестираат’“, објавен од онлајн медиумот Политика (politica.com.mk) на 25.03.2025, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 10 од Кодексот на новинарите на Македонија и одредбите 10.1 и 10.2 од Насоките за етичко известување во онлјан медиумите на СЕММ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст во кој од социјалните мрежи е пренесен став за протестите во врска со трагедијата од Кочани и тоа од јавна личност која е поранешен новинар, а сега е директор на фудбалскиот клуб Вардар.

Комисијата констатираше дека станува збор прераскажување на Фејсбук статус на Миленко Неделковски. Но, освен што информира, медиумот и целосно го цитира статусот на Миленковски во кој има сериозни дисквалификации и навреди кон оние што протестираат, за да заврши со ‘клетва’ кон учесниците на протестите.

Иако медиумот не го креира говорот, со неговото буквално и целосно пренесување – без критички однос, анализа или јасна осуда – станува соучесник, односно посредник кој го засилува неговото ширење. Тоа не е само етичко прашање, туку и прашање на медиумската одговорност кон заедницата.

Дури и ако се тргне од правото на јавноста да знае што објавуваат и до каде можат да одат јавни личности, особено кога зборуваат за актуелни општествени настани, тоа не ја укинува обврската на медиумите да внимаваат како го прават тоа. Текстот всушност, наместо да отвори дебата и да го осуди, на начинот на кој е пренесен, го рециклира и засилува говорот на омраза.

Ваквиот начин на информирање е санкциониран во Кодексот на новинари на Македонија, а дополнително е појаснето како да се информира во такви случаи и во Насоките за етичко известување во онлјан медиумите на СЕММ.

Од тие причини Комисијата на крајот заклучи дека е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија и одредбите 10.1 и 10.2 од Насоките:

**Член 10**

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…).

**10.1 (Од Насоките...)**

Имајќи ја предвид опасноста по поединците, групите или целото општество, онлајн медиумите нема никогаш да поттикнуваат омраза или нетрпеливост врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

**10.2 (Од Насоките...)**

Кога известуваат за проблемите на различните групи и заедници во општеството, онлајн медиумите ќе пристапуваат крајно внимателно, ќе употребуваат коректна и стандардизирана терминологија и нема да употребуваат навредливи коментари или изрази со кои несвесно ќе ги создаваат или ќе ги засилуваат стереотипиите за нив.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595